**ЗАПИСНИК**
**од 10-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 20.02.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фидановски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи, заменик претседател на Советот на АААВМУ (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Наим Рамадани МТВ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата се присутни 6 члена на Советот. Г-дин Фетаи нема да биде присутен, а отсуството го најавил во текот на вчерашниот ден со образложение дека се наоѓа во странство. Во врска со предложениот Дневен ред, објасни дека Точка 2 содржи 6 Предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозволи и тоа за следниве радиодифузери: ТРД ТВ Аниса, ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС, ТРД РАДИО РЕД ФМ, ТРД ТВ Спектра, ТРД ТВ Здравкин и ТРД РА Слободна Македонија. Точката 3 „Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола на радиодифузер" ја повлече бидејќи ТРД РАДИО Ускана увоз-извоз ДООЕЛ Кичево го платил надоместокот, а членовите на Советот имаа добиено писмено известување од Секторот за правни и економско-финансиски работи за извршена уплата. Редоследно Точка 4 станува Точка 3 која содржи една Предлог одлука за одземање на дозволата на ТВ Сител 3, а Точката 5 Разно станува Точка 4.

Советот на Агенцијата, со предложените измени едногласно, со 6 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на предлог-записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.02.2018 година.

2. Предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозволи на радиодифузери.
3. Предлог - одлука за одземање на дозвола на радиодифузер.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа предложениот записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.02.2018 година.

Г-дин Петрушевски забележа дека во записникот членот на Советот е именуван со г-дин Селвер и предложи да се коригира во г-дин Ајдини.

Г-дин Фиданоски на страна 7 од вкупниот материјал во пасусот од неговата дискусија, ред 10-ти, предложи по зборовите „има или нема“ да се додаде зборот „потреба“ со цел реченицата да ја добие вистинската смисла.

Советот со посочените корекции едногласно го усвои Записникот од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.02.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски кратко ги образложи Предлозите за запирање на покренати постапки за одземање на дозволи на 6-те радиодифузери при што информира дека сите радиодифузери го платиле годишниот надоместок во целост и од таа причина се предлага до Советот да ги запре покренатите постапки.

Г-дин Петрушевски рече дека како и за сите претходни постапки така и за овие го поздравува уплаќањето на средствата од страна на радиодифузерите и е многу добро што и понатаму ќе продолжат со работа. Добро е и за новинарите и за можноста од добивање на повеќе различни информации во медиумскиот простор. Отвори заедничка дискусија за сите предложени постапки, а потоа рече како што се постапувало и на претходните седници, за секој радиодифузер поединечно ќе се гласа. До Стручната служба упати потсетување како и за претходните случаи така и за овие радиодифузери да се упати известување за Одлуката на Советот.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-51 од 19.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница - Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 71.460,00 (седумдесетиеднаилјадачетиристотиниишеесет) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-70 од 19.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово, бр.08-84 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 12.891,00 (дванаесетилјадиосумстотинидеведесетиеден) денар, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-59 од 19.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, бр.08-133 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 42.253,00 (четириесетидвеилјадидвестепедесетитри) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-60 од 20.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, бр.08-56 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 126.520,00 денари (стодваесетишест илјадиипетстотиниидваесет) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-67 од 20.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, бр.08-50 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 105.114,00 (стоипетилјадиистоичетиринаесет) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-41 од 20.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, бр.08-66 од 05.01.2015 година поради извршена уплата во износ од 781.787,00 (седумстотиниосумдесетиеднаилјадаиседумстотиниосумдесетиседум) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог - одлуката за одземање на дозволата на ТВ Сител 3. Објасни дека во законски утврдениот рок од 30 дена радиодифузерот не го плати надоместокот и Советот започна постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување. И во дополнителниот рок од 15 дена исто така не изврши уплата и од таа причина согласно Законот се предлага до Советот да донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје. Доколку Советот ја донесе одлуката, до Стручната служба посочи да подготват допис со кој ќе се известат сите ОЈЕКМ веднаш да го исклучат од мрежата реемитување на овој програмски сервис и до сателитскиот оператор со кој има склучено договор да престане да го реемитува на сателит бидејќи ТВ Сител 3 не може да емитува програма надвор од територијата на Република Македонија, а користењето на радиофреквенции без дозвола претставува кривично дело.

Г-дин Петрушевски рече дека во овој случај е јасна работата, сопственикот одлучил оваа телевизија да не работи и не постои друг избор освен да се одземе дозволата. Доколку се предомисли, постапката за да ја врати дозволата треба да ја води преку суд. Сега Советот според Законот мора да ја му одземе дозволата.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-43 од 20.02.2018 година и едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, бр.08-9 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за

телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-647/1 од 06.02.2018 година, со текст како што беше предложена Одлуката.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи да ги извести ОЈЕКМ и сателитскиот оператор со кој радиодифузерот има склучено договор дека Советот на Агенцијата донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, бр.08-9 од 05.01.2015 година.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе го повтори она што го кажал Директорот, да се информираат кабелските оператори и самиот радиодифузер дека веќе нема право да емитува програма.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-845/9

22-02-**2018 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**

**аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**